| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Замок | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 3 до 8 години) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Прецизност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 20 - 25  минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развива координацијата помеѓу окото и раката, прецизност и способност да ја користи доминантната рака. | |
| **Очекувани резултати** | |
| | |
| **Насоки** | |

**Претходна подготовка за активност**

Подготовка на материјали за игра (пластични чаши или цилиндри). Доколку се игра со цилиндри од картон (внатрешноста од тоалетна хартија), може претходно да се нацртаат форми во боја на нив (пр. за цилиндрите од првиот ред да имаат црвени кругови, во вториот ред зелени квадрати и слично).

Доколку се игра со пластични чаши може да се напишат броеви од 1 до 5 (доколку се училишни деца може да се напишат броеви од 1 до 15) со маркер (првиот ред односно петте чаши да бидат со број 5, понатаму 4 чаши со број 4 итн., сè до врвот и една чаша со број 1).

**Инструкции/насоки за играта**

Во оваа игра е потребно чашите да се постават како замок на 5 ката, односно на основата (на маса) се поставуваат 5 чаши еднадодруга, врз нив се поставуваат 4 чаши

(првата се поставува на половина помеѓу првата и втората чаша - за да има стабилност), потоа се редат 3 во третиот ред, 2 во четвртиот ред и една чаша на врвот.

**<u>Активност/игра</u>**

На детето му се објаснува начинот на поставување на чашите/цилиндрите. Чашите на секој учесник се наоѓаат пред него, свртени со отворот надолу кои се измешани за да се потруди да ги најде според форма или број. Оној член од семејството кој прв ќе го намести замокот од чаши/цилиндри има задача да измисли/раскаже една приказна за јунакот од замокот или некоја случка за замокот кој е направен, по избор на учесникот.

Оваа игра може да се повторува според интересот на учесниците или да биде натпреварувачка доколку играат повеќе членови од семејството – кој прв ќе го направи замокот.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| | 15 пластични чаши или картонски цилиндри за еден учесник; боици; маркер |

**Активноста е подготвена од едукаторите:**

Креирано од: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајнер: Катерина Николовска



